Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје
ул. „Дрезденска“ бр. 56 Скопје – Карпош
телефон +389-2-3066-776 телефакс +389-2-3066-807
www.pedagoskifakultet@gmail.com
www.pfsko.ukim.edu.mk

Бр. 09-416/1
01.09 2020

Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, согласно добиеното Решение за акредитација, како и Решението за утврдување на висината на трошоците, донесени од Министерот за образование и наука, распишува

# **К О Н К У Р С**

## **За запишување на кандидати на студиската програма за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка – ПЕДАГОШКА ДОКВАЛИФИКАЦИЈА – во зимскиот семестар на учебната 2020/2021 година**

**1.** На Конкурсот можат да се запишат кандидати кои завршиле соодветни академски студии од прв циклус или додипломски студии на ненаставнички факултети, односно студии (студиски програми) кои немаат наставна насока.

**2.** Со запишувањето кандидатот се стекнува со статус на кандидат за добивање на педагошко - психолошка и методска подготовка – педагошка доквалификација, која претставува задолжителна форма на сите стручни профили кои завршиле ненаставнички факултет, а се подготвуваат за воспитно - образовна работа во основните и средните училишта.

**3.** Запишаните кандидати студираат еден семестар, на македонски, албански или турски наставен јазик, согласно Правилникот за начинот и условите за студирање на студиската програма за стекнување на педагошко – психолошка и методска подготовка – педагошка доквалификација, објавен на ВЕБ страната и огласната табла на Факултетот.

**4.** Висината на надоместокот изнесува 250 евра.

**5.** Пријавувањето ќе се врши на 17 и 18 септември 2020 година од 9 до 12 ч. на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје.

Документи за пријавувањето и запишување:

-Образец за запишување семестар* (во просториите на Педагошкиот факултет) *

-Пријавен лист и Изјава (кои можат да се превземат од веб страната на Педагошки факултет) *

-Потврда за уплатени 50,00 денари за административна такса *

-Диплома/Уверение за соодветно завршен факултет *

-Извод од Матичната книга на родените *

-Уверение или Решение за Државјанство на РСМ *

-Потврда за уплатени средства во висина од 250 евра во денарска противвредност според средниот курс на НБ на РСМ, на жиро сметка на Факултетот *и

-Индекс, две фотографии и тетратка А4-формат *

*** Документи се поднесуваат во оригинал или фотокопија заверена на нотар.**

**Педагошки факултет**
**„Св. Климент Охридски“**
**- Скопје**
**Декан,**
**Проф. д-р Емиљ Сулејмани**